Национален младински совет
на Македонија

ул. Мирослав Крлежа 52-2, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

# МЛАДИНСКА ГАРАНЦИЈА

## ВОВЕД

Младинската гаранција претставува сет на Владини мерки кои имаат за цел да гарантираат за квалитетни услуги кои им се нудат на младите во насока на вработување, континуирана едукација, доедукаиција, пракса и тренинг.

Како модел, младинската гаранција за прв пат се забележува во Финска и Скандинавија во 80тите и 90тите години на минатиот век. Низ годините, во различни земји се забележуваат различни облици на овој модел, согласно природата и различните потреби на пазарот на трудот.

На ниво на Европска унија, младинската гаранција во 2012 станува дел од препораките за зголемување на вработеноста на младите до 25 години, кои ги предложува Европската комисија, на предлог на Европскиот совет и Европскиот парламент, до земјите членки.

## НАЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ

Република Македонија е единствената земја во регионот, која не е членка на Европска унија, а започнува со планирање за воведување на младинската гаранција како мерка за зголемување на вработливоста на младите луѓе.

Младинската гаранција во Македонија за прв пат е спомената во младинската програма за работа на Македонската платформа против сиромаштија, за период 2014 – 2017 година, иако не се забележани конкретни активности за нејзино имплементирање. Националниот младински совет на Македонија во својот политички исказ за младинската невработеност во 2015 година го даде своето мислење дека младинската гаранција е можно решение за големата младинска невработеност која што ја покажуваат податоците, и тоа уште од распадот на Југославија. Тогашниот предлог гласеше дека младинската гаранција треба да го најде своето место во националната стратегија за млади и тоа во областа „Вработување и поддршка при вработување“ како засебна цел, со оглед на позитивните европски практики.[1] Дел од овие препораки беа вметнати во националната стратегија за млади 2016-2025, но без никакви финансиски импликации.

По промената на Извршната власт во Република Македонија, новата влада ја вметнува младинската гаранција во својата работна програма 2017-2020 со крајна цел воспоставување на истата.[2] Ваквата имплементација претставува голем предизвик, особено во насока на

[1] „Полититички исказ за младинска невработеност“ Национален младински совет на Македонија, Јули 2015, http://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2017/01/Politichki-iskaz-za-mladinska-nevrabotenost.pdf

[2] „Програма за работа на Владата на Република Македонија“, Влада на Република Македонија Април 2017, http://vlada.mk/sites/default/files/programa/2017-2020/ProgramaVlada2017-2020_08062017.pdf

ул. Мирослав Крлежа 52-2, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

обезбедување финансиски средства, тргнувајќи од фактот дека како земја која не е членка на Европска унија, целосно ни се недостапни Европските фондови за поддршка.

Дополнително, воведувањето на оваа мерка бара детална анализа на националниот контекст, клучните потреби на младите, како и детален план за имплементација.

Поради високиот степен на младинска невработеност во Македонија и потребата од итни мерки за нејзино намалување, Националниот младински совет на Македонија како еден од клучните приоритети на работа од основањето до денес го дефинира зголемувањето на младинската вработливост во Македонија. Во таа насока како најголемо претставничко тело на младите во Македонија, ја поддржуваме иницијативата за имплементација на младинската гаранција, како сет на мерки насочени кон понуда на квалитетни услуги за младите во насока на вработување, континуирана едукација, доедукаиција, пракса и тренинг.

Националниот младински совет на Македонија, како членка на Европскиот младински форум, има можност одблизу да ги следи искуствата, практиките и предизвиците со кои се соочуваат земјите кои ја имплементираат оваа мерка. Токму затоа, претставуваме важен ресурс и извор на експертиза за институциите на Република Македонија во процесот на планирање и имплементирање на младинската гаранција.

## ПРЕПОРАКИ ИИДНИ ЧЕКОРИ

Тргнувајќи од Европските практики, од голема важност е да се воспостави цврсто партнерство помеѓу релевантните институции, бизнис секторот, образовните институции, граѓанскиот сектор и Националниот младински совет на Македонија, како најголемо претставничко тело на младите во земјава.

Во таа насока, Националниот младински совет на Македонија треба да биде вклучен во имплементацијата на младинската гаранција, во сите нејзини фази, односно во планирање, имплементирање и мониторинг на имплементацијата на мерката.

Искуството и експертизата на Националниот младински совет на Македонија, во насока на мерки за зголемување на вработливоста и поконкретно младинската гаранција како мерка, како и соработката и релациите со Европскиот младински форум и Националните младински совети од Европа во најголем дел треба да биде искористено од државните институции уште во првата фаза- креирањето на имплементациски план и дефинирање на буџет за младинската гаранција.

При креирањето на планот за имплементација на мерката, важно е да се дефинираат конкретни акции кои ќе бидат спроведени и за истите да биде изготвена јасна временска рамка за имплементација. Сепак, пред да се започне со рамката за имлементација мора да се обезбеди соработка помеѓу различните институции кои што се имплементатори на владините мерки. Тоа е особено важно со оглед на тоа што меѓуинституционалната соработка е клучна за успех на мерките. Пример за тоа би било ослободување од плаќање на дошколување на младите кои немаат завршено средно образование, а без тоа агенцијата за вработување би имала тешка

Национален младински совет
на Македонија

ул. Мирослав Крлежа 52-2, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

задача да најде прифатлива опција за тие млади лица. Дополнително при креирањето на акцискиот план, особено е значајно да се креира јасен план за мониторинг, со цел полесно периодично следење и евалуирање на мерката. Дополнително, тргнувајќи од потенцијалните предизвици кои ние како Совет ги детектираме, особен акцент треба да се стави и на креирање план за промоција на мерката и опфат на млади луѓе со истата, како и креирање на матрица за детектирање и следење на статусот на младите луѓе, односно на тоа колку млади луѓе не се во образовен процес и во доедукација, не спроведуваат пракса или тренинг и секако оние кои не се вработени. Овие млади луѓе треба да бидат примарна целна група која ќе ја опфати младинската гаранција.

Во процесот на имплементација на мерката, по примерот на Словенија како земја од регионот, Националниот младински совет на Македонија треба да биде вклучен во континуирано следење и мониторирање на имплементацијата на младинската гаранција, а особено во евалуација на истата и креирање препораки за подобрување. Секако, во овој процес треба да бидат вклучени и останатите засегнати страни- спроведувачи на младинската гаранција, како и самите корисници-младите.

За таа цел, Националниот младински совет на Македонија дава препорака за креирање на мониторинг комисија, составена од сите засегнати страни, а координирана од Националниот младински совет на Македонија, која ќе разработи и примени систем за континуиран мофниторинг и ќе доставува периодични извештаи до надлежните институции, задолжени за имплементација на младинската гаранција.

Дополнително, на Владата на Република Македонија и препорачуваме креирање на јасен и детален буџет за имплементација на мерката, при креирањето на годишниот буџет, во која ќе бидат опфатени активности за сите фази од имплементацијата на младинската гаранција.

Како прв чекор кој го предлагаме до Владата на Република Македонија, за периодот кој следува, е креирање на јасни буџетски ставки, во рамки на буџетот за 2018, со кои би се опфатиле сите фази од имплементацијата на младинската гаранција.

Посочување дека е потребно проширување на составот на Координативното тело за Младинска гаранција, формирана од МТСП, вклучувајќи ги и граѓанските организации чие делување и работа е во насока на целите на мерката.

Националниот младински совет на Македонија како основни задачи на ова Координативно тело, предлага:

- Креира имплементациски план за младинска гаранција 2018/2020;
- Креира план за следење и мониторинг на имплементацијата;
- Креира план за мапирање и следење на младите кои не се во образовен процес и во доедукација, не спроведуваат пракса или тренинг и не се вработени;

Национален младински совет
на Македонија

ул. Мирослав Крлежа 52-2, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

- Креира план за промоција на мерката и за опфатот на млади луѓе;
- Детектира потенцијални ризици и предизвици кои можат да настанат при имеплементацијата на мерката и да предложи решенија за нивно надминување.

Поддржано од:

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или спроведувачките организации.